**АМБАСАДА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**VELEPOSLANSTVO**
**REPUBLIKE MAKEDONIJE**

Бр. 1704-696/2
Датум: 12.06.2012 год.
Број на страници: 3

**До:**

**Заедницата, друштвата, советите и асоцијациите во Република Хрватска**

**ПРЕДМЕТ: Владини МНМ - стипендии за учебната 2012/2013 година**

**Почитувани,**

Министерството за надворешни работи извести дека согласно воспоставената практика за стипендирање на студенти од македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот Полуостров и во учебната 2012/2013 година ќе бидат доделени стипендии за запишување на државните универзитети во Македонија и тоа: Универзитетот „Гоце Делчев„ во Штип, Универзитетот „Св. Климент Охридски„ во Битола Државниот универзитет во Тетово и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје.

За посочените владини стипендии се аплицира со следните документи:

1. CV (биографија) и мотивационо писмо со образложение зашто кандидатот сака да се образува во Република Македонија, на кој факултет/насока сака да студира и две алтернативи за избор на друг факултет. Укажуваме на неопходноста од Заедницата, советот или асоцијација, или Амбасадата дека молбата е своерачно потпишана и лично доставена до Амбасадата, како и оценка за активностите на кандидатот или неговото семејство во работата на локалната асоцијација на Македонците.
2. Извод од матичната книга на родените со впишана етничка определба како Македонец. Доколку од оправдани причини во Изводот нема таква назнака, кандидатот е потребно да приложи друг документ со којшто ќе го докаже своето етничко потекло.
3. Фотокопија од свидетелството за завршено средно образование, со превод и објаснување кои оценки се соодветни на оценките во нашиот

образовен систем на Република Македонија (т.е. одличен, многу добар, добар, доволен).

<u>ПОТСЕТУВАМЕ</u>: се прима фотокопија со цел да не бидат попречени кандидатите да аплицираат во резидентните или други земји. Тоа, едновремено значи и забрана да се примаат и пренесуваат до МНР поплаки дека заради оваа процедура кандидатите пропуштиле вакви или онакви можности на факултети во други земји.

Наведените документи (под точка 1, 2 и 3) треба да бидат доставени до МНР, Кабинет на Министерот - Сектор за следење на националните приоритети, преку Амбасадата <u>најдоцна до 5 јули 2012 г.</u> **Замолуваме за уредна достава на истите и притоа напоменуваме дека апликациите коишто ќе пристигнат по дадениот рок, нема да бидат преземени во предвид.**

<u>Оперативен план:</u> Разгледувањето на пристигнатите молби и документи на Конкурсот ќе се изврши <u>најдоцна до 10 јули 2012 година,</u> до кога треба да се донесе и одлуката за избор.

Рокот за прием на евентуални жалби, односно откажување до Секторот за следење на националните приоритети е <u>најдоцна до 15 јули 2012 година.</u> За поднесените жалби Комисијата изготвува мислење <u>најдоцна до 20 јули 2012 година,</u> по што најдоцна до <u>10 септември 2012 година</u>, кандидатите треба да пристигнат во Република Македонија, односно во назначениот студентски центар.

Министерството за надворешни работи го надгледува пристигнувањето и сместувањето во студентските домови на избраните кандидати за Владини стипендисти за 2012-2013 година во Македонија врз основа на направен распоред од Министерството за образование и наука, додека МОН ја презема обврската за регулирање на статусот на студент во студентскиот дом, известување на Министерството за внатрешни работи за добивање дозвола за престој на странец (оние студенти кои не поседуваат македонски пасош, потребно е да обезбедат привремени лични карти на сопствен трошок, коишто се издаваат за привремен престој во Република Македонија), склучување договор за добивање стипендии и известување на Универзитетот за стекнување на статус на студент на кандидатот и нострификација на дипломите (трошоците за нострификација на дипломите се на товар на студентите).

Притоа, потребно е барањето за нострификација на дипломите да се поднесе најдоцна <u>до 15 август 2012 година</u>, до одделението за нострификација при МОН, со цел навремено завршување на процедурата за нострификација, најдоцна <u>до 01 септември 2012 година</u> и овозможување на започнување на редовната настава <u>на 10 септември 2012 година</u>. За Избраните кандидати кои нема да пристигнат во Р. Македонија <u>до 15 септември</u> 2012 година, ќе се смета дека се откажале од добиената стипендија.

За подетални информации околу процедурата за нострификација, упатуваме на официјалната веб – страна на МОН: www.mon.gov.mk, мени: документи, подмени: нострификација.

Дополнително, треба да се има во предвид дека не е овозможено право на избор на студентски дом за сместување и дека тоа е право исклучително на МОН/. Исто така, кандидатите кои ќе се стекнат со стипендија, потребно е лично да ги достават документите за продолжување на правото на користење на стипендија во МОН.

Избраните кандидати кои нема да пристигнат во Македонија до 10 септември 2012 година, ќе се смета дека се откажале од добиената стипендија.

За поопширно информирање во врска со факултетите и студиските програми, упатуваме на интернет страниците: www.uklo.edu.mk www.ukim.edu.mk www.uist.edu.mk www.mon.gov.mk и www.ugd.edu.mk

Со почит,

АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • ЗАГРЕБ
EMBASSY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA • ZAGREB

ВРШИТЕЛ НА РАБОТИТЕ
Реџеп Салиу